РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-1534/2
24-07-2025 20
Скопје

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
Ул.„Филип Втори Македонски„ бр.11
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ** : Мислење по текстот на Предлог на Законот за електронските комуникации

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 15.05.2025 година од страна на Министерството за дигитална трансформација доставено е Барање на мислење на Предлог Законот за електронските комуникации бр.14-937/2 од 06.05.2025 година.

По разгледување на доставениот предлог-текст од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) Државната комисија, го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Со предлог законот се уредуваат условите и начинот за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги во Република Северна Македонија.

Целта на предлог законот е да обезбеди: поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, со цел да се обезбеди економски и социјален развој, поттикнување на користењето и развојот на широкопојасен пристап до услуги (broadband), заштита на правата на корисниците, вклучувајќи ги крајните корисници со инвалидитет и крајните корисници со посебни социјални потреби, обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации, обезбедување на универзална услуга, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи со многу висок капацитет и обезбедување на доверливост на комуникациите.

Согласно образложението во доставените материјали, со предлог законот се врши усогласување со Директивата (ЕУ) бр.2018/1972 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 11 декември 2018 година за донесување на Европски законик за електронски комуникации со CELEX број 32018L1972 и со Регулативата (ЕУ) бр. 2024/1309 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 29 април 2024 година за донесување на Законот за гигабит инфраструктура со CELEX број 32014R0910.

Во однос на основаноста и потребата за донесување на предлог законот, Државната комисија нема забелешки, имајќи го во предвид значењето на областа која ја регулира законот, но од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а применувајќи ја Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија наиде на постоење на регулаторни ризици, за кои препорачува да бидат надминати со цел подобрување на предложениот законски текст.

1. Во одредбата од **член 41** се утврдува обврска овластеното лице при вршење на надзор да го извести надлежниот орган доколку утврди неправилности што не се во надлежност на Агенцијата. Сепак, од начинот на кој е формулирана оваа обврска произлегува регулаторен ризик од корупција поради недостиг на временски рокови. Така, не е утврден рок во кој Агенцијата го известува надлежниот орган, што може да доведе до селективно или одложено постапување.
За надминување на наведениот регулаторен ризик, се препорачува воведување на објективни рокови за валвото постапување, односно за известување до надлежниот орган.

2. Во **членот 76 став (1)** е утврдено дека јавниот конкурс за избор на независните експерти од членот 75 став (2) од овој закон го пропишува министерот надлежен за електронските комуникации.
Во наведениот член е забележана техничка грешка бидејќи предлагачот се повикува на несоодветен став од членот 75, односно наместо став (2) треба да упатува на ставот (3) од член 75, бидејќи со него всушност се уредува дека Шест члена на НКБК се независни експерти, избрани по пат на јавен конкурс, согласно со овој закон.

3. Во **член 159 став (5)** таксативно е утврдено кога Агенцијата со решение може да го одбие барањето за користење на радиофреквенции. Притоа, во ваквата законска одредба недостасува рок во кој Агенцијата ќе го донесе наведеното решение. Отсуството на законски утврден рок за одбивање на барањето за користење на радиофреквенции претставува регулаторен ризик од корупција и истиот може да доведе до неоправдано одложување на постапката, селективно решавање на предметите, и можен нееднаков пристап кон барањата.

4. Државната комисија ги анализираше одредбите кои се однесуваат на обврската за задржување на податоци, заштитата и безбедност на податоците и видовите на податоци кои се задржуваат, забележано е подобрување на законскиот текст конкретно во **членот 209** насловен Заштита и безбедност на податоците согласно кој во **став (1) точка 4)** е утврдено дека операторите се должни, особено да ги почитуваат следниве начела за безбедност на податоците од членот 210 од овој закон и тоа – 4) податоците се уништуваат од страна на операторите по истекот на периодот од 12 месеци од датумот на извршената комуникација и/или нивното генерирање и точка 5 „податоците до кои што било постапено и биле зачувани согласно со член 208 став 3 од

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

овој закон, се уништуваат по завршување на судска постапка со правосилна одлука или по истекот на роковите предвидени во Законот на кривична постапка за водење на предистражна и истражна постапка“ и констатира дека истото е во насока на примена на Решението донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.137/2017 од 25.09.2024 година со кој е поведена постапка за оценување на уставноста на членовите 176,177 и 178 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21).

Од аспект на примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, а со цел да се минимизираат регулаторните ризици, Државната комисија го доставува предметното мислење.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: С.И.,советник
Проверил:А.С., раководител на одделение
Контролирал:Б.В.Б., помошник раководител на сектор
Одобрил:М.К., раководител на сектор